**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**




# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ 2023-2025

**СКОПЈЕ, јануари 2025 година**

# Содржина


КРАТЕНКИ ..... 3

ВОВЕД ..... 4

ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА И ПРОЦЕСОТ ..... 6

ОБУКИ - Јакнење на интегритетот..... 6

КОНТРОЛИ – Проверка на законито, професионално и етичко постапување ..... 7

ИНДИКАТОРИ..... 10

ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА ..... 12

ЦЕЛ 1: Јакнење на интегритетот со цел намалување на злоупотреба на службената положба и овластување ..... 12

ЦЕЛ 2: Јакнење на интегритетот во сообраќајната и граничната полиција со цел намалување на примање на поткуп ..... 15

ЦЕЛ 3: Јакнење на интегритетот на полициските службеници со цел законска примена на полициските овластувања ..... 20

ЦЕЛ 4: Јакнење на интегритетот во спроведување на јавните набавки ..... 25

ЦЕЛ 5: Намалување на ризиците во системот на управување со човечките ресурси ..... 27

ЦЕЛ 6: Јакнење на индивидуалниот и институционалниот интегритет заради одржување на угледот на институцијата ..... 28

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ..... 30

# КРАТЕНКИ

МВР – Министерство за внатрешни работи

БЈБ – Биро за јавна безбедност

ОВККИПС – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

ООЗР – Оддел за општи и заеднички работи

СНМД – Сектор за набавки и менаџмент на договори

ОЈНПС – Одделение за јавни набавки и примена на стандарди

ОГР – Оддел за граѓански работи

ОУР – Одделение/ Отсек за управни работи

ОПРУЧР – Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси

ОУП – Оддел за униформирана полиција

ОКП – Оддел за криминалистичка полиција

ОГРМ – Оддел за гранични работи и миграции

ЕГПГН – Единица за гранични проверки и граничен надзор

ОЗРУЧР – Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси

РЦ за ГР – Регионални центри за гранични работи

ПС за ГП и ГН – Полициска станица за гранични проверки и граничен надзор

СВР – Сектор за внатрешни работи

ПС – ОН – Полициска станица од општа надлежност

ПС за БПС – Полициска станица за безбедност во патниот сообраќај

ПО за БПС – Полициско одделение за безбедност во патниот сообраќај

МЕБПС – Мобилна единица за безбедност во патниот сообраќај

ОКТУПА – Отсек за криминалистичко - технички увиди и прелиминарни анализи

УПС – униформиран полициски службеник

ОСЛ – овластено службено лице

О.Е. – организациска единица

ЦИДС – Центар за интегритет во одбранбениот сектор на Норвешка

# ВОВЕД

Поимот интегритет, разгледуван на ниво на МВР во најголема мера претставува отпорност кон корупција и збир од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во Министерството кои ја зајакнуваат отпорноста кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно постапување на вработените.

Оттука, интегритетот може да се дефинира како отсуство на полициска злоупотреба, почитување на Етичкиот кодекс на однесување, пропишаните правила, стандардните процедури односно постапување на полициските службеници во согласност со важечките законски прописи. Високиот полициски интегритет е основа за создавање меѓусебно почитување и доверба помеѓу граѓаните и полицијата и има голема улога во ефективната борба против криминалот и корупцијата.

Борбата против корупцијата е утврдена како еден од врвните стратешки приоритети во Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2024-2026 во кој се наведува дека во наредниот период, Министерството ќе се фокусира кон подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето, со цел јакнење на владеење на правото преку неселективна борба со организираниот криминал, корупцијата, илегалната миграција, тероризмот и сајбер заканите.




Главен предизвик за Министерството за внатрешни работи како клучна институција за откривање на случаите поврзани со корупција, како и нејзино спречување подразбира навремено детектирање и идентификација на ризиците од корупција, како и навремено откривање, документирање и докажување на коруптивните однесувања во кои биле вклучени овластени службени лица.




Основна цел на Министерството за внатрешни работи во борбата против корупцијата е нејзино намалување, градење на интегритетот на вработените, подигнување на свеста на вработените преку соодветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во полицијата и непрофесионалното постапување и воспоставување на посакуваните етички стандарди.

Министерството за внатрешни работи со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на коруптивно однесување на вработените во Министерството и Полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај.

Еден од тие механизми е Планот за интегритет во МВР 2023 - 2025 година и соодветниот придружен Акционен план за спроведување на планот, изготвени со поддршка од Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор.

# ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА И ПРОЦЕСОТ

Во рамки на Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет на МВР 2023 – 2025 , предвидено е спроведување на обуки во 5 (пет) од утврдените 6 (шест) цели.

Имајќи предвид дека ова е веќе втора година на спроведување на мерки и активности во рамки на Планот за интегритет, по изработката на Извештајот за минатата година (2023 г.) и неговото усвојување, ОВККИПС отпочна со подготовки и планирање на методолошкиот процес за мониторинг и евалуација над спроведувањето на мерките и активностите во Акциониот план за 2024 година.

## ОБУКИ - Јакнење на интегритетот

**ОБУКА ЗА ПОЛИЦИСКИ ИНТЕГРИТЕТ**

*Дата и место, обучувачи*

**Нацрт – Агенда**

**10.00 – 10.30 Пристигнување / регистрација на учесници**

**10.30 – 11.15 Воведна сесија, *модератор***

**- претставување на учесниците**

**- вовед во интегритет *(презентација)***

**11.15 – 11.30 Пауза**

**11.30 – 12.15 Презентација од обучувачи за хибридни обуки**

**12.15 – 12.30 Пауза**

**12.30 – 13.15 Разработување на ризикот**

**- презентација**

**- дискусија**

**- работа во групи**

**13.15 – 13.30 Завршна сесија**

**- евалуација од учесниците**

**- резиме на обуката**

Полицискиот интегритет се гради постојано и континуирано, вредностите и принципите во работењето на припадниците на полицијата треба да претставуваат начин на работа.

Потребно е полициските службеници да се запознаат со принципите и вредностите на кои се темели работењето на полицијата со цел да се подготват за современо полициско работење, кое не подразбира само пружање заштита на народот туку и контролирање на однесувањето.

Професионалност, одговорност и почитување и примена на важечките законски прописи се основата на полицискиот интегритет.

Во таа насока, ОВККИПС ги спроведе предвидените обуки следејќи однапред утврдена агенда, и реализирајќи повеќе теми од интерес за слушателите.

Во рамки на обуките особено внимание беше посветено на Етичкиот кодекс, степенот на информираноста кај учесниците за одредбите на истиот. Од страна на ОВККИПС, во текот на секоја од обуките беше истакнат **член 16 од Етичкиот кодекс**, односно точка 5. Невршење на работи и дејности што се во судир со внатрешните односно полициските работи.







При одржување на обуките, посебен акцент се стави на поттикнување на вработените да се охрабрат да пријават незаконито постапување и при тоа да го преминат „синиот ѕид на тишината[1]".

Слушателите на обуките беа информирани дека во ОВККИПС е обезбедена посебна просторија, посебна телефонска линија и е-маил адреса за лицето овластено за прием на пријави од укажувачи.

https://mvr.gov.mk/page/zakon-ukazuvaci

## КОНТРОЛИ – Проверка на законито, професионално и етичко постапување

Во рамки на Акциониот план предвидено е спроведување на внатрешни контроли од страна на ОВККИПС во четири (4) од утврдените шест (6) цели.

ЦЕЛ 1: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

**Контролата се однесува на:**

- почитување на работно време согласно распоред за работа
- одвивање на работниот процес во кабините за сликање на граѓаните кои поднеле барање за издавање на лични документи

[1] Синиот ѕид на тишината, исто така, синиот код и син штит се термини што се користат за означување на неформален код на тишина меѓу полициските службеници за да не известуваат за грешки, недолично однесување или кривични дела сторени од страна на колеги.

- проверка дали лицата кои се сликаат имаат претходно закажан термин
- да се изврши алкотестирање на овластените службени лица за кои постои сомневање дека се под дејство на алкохол
- контрола на работните евиденции
- почитување на член 168 став 3 од ЗВР, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила
- контрола на квалитетот на извршувањето на работните задачи.

ЦЕЛ 2: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО СООБРАЌАЈНАТА И ГРАНИЧНАТА ПОЛИЦИЈА СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИМАЊЕ НА ПОТКУП

**Контролата се однесува на:**

- почитување на работното време согласно распоредот за работа
- почитување на правилата од страна на униформираните полициски служебници во однос на влегување и задржување во угостителски и други јавни објекти
- проверка на евиденциите во организациските единици во однос на број на претставки добиени од страна на граѓаните против вработените
- постапување по задачите наведени во Наредбите за вршење на служба
- почитување на Наредбата за користење на службени моторни возила
- алкотестирање на униформирани полициски службеници за кои постои сомневање дека се под дејство на алкохол
- контрола на работни и оперативни евиденции
- почитување на чл. 168 ст. 3 од ЗВР, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила
- контрола на полициските службеници во однос на постапување по дадени задачи во наредби и користење на МССК
- контрола на квалитетот на извршувањето на работните задачи
- контрола на спроведување на мерките и активностите од АП за имплементација на ПИ на МВР 2023-2025

ЦЕЛ 3: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО ЦЕЛ ЗАКОНСКА ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

**Контролата се однесува на:**

- почитување на работното време согласно распоредот за работа
- контрола на евиденција за употреба на средствата за присилба, поднесени извештаи и дали се изготвуваат оценки за оправданоста на употребата на средствата за присилба, согласно член 81 став 2 од Законот за полиција

- контрола на примени претставки поднесени од граѓани и постапување по истите, односно дали со истите се постапува согласно членот 12 став 2 од Правилникот за вршење на работите во ОВККИПС

- контрола на примени претставки во ПС, испратени согласно членот 6 од Правилникот за вршење на работите во ОВККИПС

- контрола на евиденции за приведени лица, лишени и задржани лица, како и досиеја по случаен избор на лица на кои им е ограничена слободата на движење

- контрола на примени поплаки и примени записници за кривични дела за кои гонењето се презема по приватна тужба

- алкотестирање на униформирани полициски службеници за кои постои сомневање дека се под дејство на алкохол

- почитување на чл. 168 ст. 3 од ЗВР, во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила

ЦЕЛ 4: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**Контролата се однесува на:**

- почитување на работното време

- почитување на работниот процес при спроведување на јавните набавки односно истиот дали се спроведува согласно одредбите од Законот за безбедноста на класифицирани информации и стандардите на НАТО за безбедност на класифицирани информации

- дали јавните набавки се спроведуваат согласно планот за јавни набавки

- каков вид постапки за јавни набавки се користат и кои најчесто

- дали за набавките има претходно изготвена техничка спецификација од страна на органот за кој се набавува

- дали за еден вид набавка има повеќе постапки во годината, односно дали набавката се дели

- увид во неколку предмети – договори, дали се набавува се или делумно, дали се набавуваат ставките со пониските цени или има исклучоци и, доколку има, која е причината

- предметите класифицирани како ДРЖАВНА ТАЈНА се чуваат во посебни затворени сефови како и

- почитување на членот 168 од Законот за внатрешни работи, кој што се однесува на службени простории и моторни возила.

## ИНДИКАТОРИ

До сите засегнати организациски единици за реализација на мерките утврдени со Акциониот план беа доставени акти со кои се побара номинација и/или измена на претставници – координатори од засегнатите организациски единици, како и информација во извештаи во врска со статусот на индикаторите кои се однесуваат на преземени мерки и активности:

ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ

- спроведени 7 надзори врз законитоста во работењето и начинот на постапување со странки
- спроведени 7 надзори за носење беџови.

ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА

- одржување „Обука на полициските службеници за почитување на законски и подзаконски прописи за примена на полициските овластувања“.

ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

- донесени правни акти согласно иницираните измени
- редовно објавување на јавни огласи за вработување во МВР – зголемена транспарентност при вработување во МВР,
- намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на јавен оглас, а не биле избрани и
- намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на интерен оглас за унапредување, а не биле избрани.

ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

- донесени правни акти согласно иницираните измени
- редовно објавување на јавни огласи за вработување во МВР – зголемена транспарентност при вработување во МВР,
- намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на јавен оглас, а не биле избрани и
- намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на интерен оглас за унапредување, а не биле избрани.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

- извршена 1 внатрешна ревизија.

ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА

- целосно ажуриран веб портал со закони и подзаконски акти

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ

- спроведени 12 надзори од страна на раководители

СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

- спроведени 12 контроли од страна на СВР
- спроведени 12 надзори од страна на раководители – СВР (ОГРМ, ОУП и РЦ за ГР)

ОДДЕЛ ЗА УНИФОРМИРАНА ПОЛИЦИЈА

- спроведени 6 контроли од страна на БЈБ – ОУП (и ОГРМ)
- спроведени 12 надзори од страна на раководители – ОУП (СВР, ОГРМ и РЦ за ГР)

ОДДЕЛ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИЈА

- спроведени 6 контроли од страна на БЈБ – ОГРМ (и ОУП)
- спроведени 12 надзори од страна на раководители – ОГРМ (СВР, ОУП и РЦ за ГР)

ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

- обезбедени 10 камери за видео надзор за потребите на Одделот за граѓански работи
- обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила (Цел 2)
- набавени 100 униформи (Цел 2)
- обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила (Цел 3)
- изработена анализа на пазарот за производи и услуги за конкретен случај
- поставен видео надзор во архивата на оформени предмети по јавни набавки во ООЗР и поставени безбедносни врати во просториите каде се спроведува постапката за јавни набавки

# ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА

## ЦЕЛ 1: Јакнење на интегритетот со цел намалување на злоупотреба на службената положба и овластување

**РИЗИК:**
1. Фаворизирање на одредени странки при издавање на лични документи, дозволи, лиценци, уверенија
2. Фалсификување на лични и други документи
3. Примање парични средства од граѓани и барање и прифаќање на подароци, бесплатни услуги и други бенефиции

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ:**
1. Оддел за граѓански работи (ОГР)
2. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Центар за обука
2. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси
3. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2024 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2024 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Две обуки на 20 вработени во ОГР | **ОВККИПС:**<br>**1. 25.09.2024 г.,** ОВР Прилеп, обука на <u>22</u> овластени службени лица од ОУР Битола<br>**2. 02.10.2024 г.,** СВР Штип, обука на <u>14</u> овластени службени лица од ОУР Штип |
| 2. Обезбедени 10 камери за видео надзор | **ООЗР:**<br>Набавката е предвидена да се спроведе во 2025 година, согласно буџетските можности. |
| 3. Спроведени 7 надзори од страна на ОГР врз законитоста во работењето и начинот на постапување со странки | **ОГР:**<br>Спроведени вкупно 14 надзорни контроли во подрачни единици на Одделот (Отсеци за управни работи и Отсеци за оружје, експлозивни и опасни материи) – Штип, Кочани, Виница, Свети Николе, Пробиштип, Струмица, Гевгелија, Валандово, Радовиш, Велес, Кавадарци, Неготино, Битола |
| 4. Спроведени 2 внатрешни контроли во ОГР | **ОВККИПС:**<br>**21.02.2024 г**<br>1. Одделение за управни работи – Скопје во објектот на МРТВ, |

| | |
|---|---|
| | 2. Одделение за управни работи – Скопје во објектот на ПС – ОН Кисела Вода (Пролет) и<br>3. Одделение за управни работи – Скопје во објектот на ПС ОН Центар (Беко)<br><u>Наод</u><br>- не се констатирани неправилности во работењето<br>- утврдено е дека се почитува работниот ред и дисциплина<br>- на шалтерите за издавање на лични документи по итна постапка функционираат сите предвидени компјутери со CAST картички<br>- навремено се врши спојување на изготвените лични документи со барањата и истите навремено се предаваат за издавање на граѓаните<br><br>**4. 02.10.2024 г.** Одделение за управни работи – Штип во објектот на СВР Штип<br><u>Наод и мерки</u><br>Согласно член 20 ст.1 т.7 од Правилникот на ОВККИПС дадено укажување на работниците во Отсекот навремено и уредно да ги водат евиденциите со кои се задолжени во рамки на работните места. |
| 5. Спроведени 7 надзори од страна на ОГР врз носење на беџови | **ОГР:**<br>- Одделот континуирано доставува насоки за постапување до сите О.Е. под негова надлежност<br>- дел од вработените немаат беџови или им се оштетени, ОГР во координација со ОИТК доставиле барање до ОЗОЛО за изработка на картички/беџови |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2024 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат, предвидени се две обуки и истите се спроведени, со минимално намалување на квотата на слушатели[2] (предвидени 40 ОСЛ, учествувале 36 ОСЛ)

- степенот на реализација на надзори врз законитоста на работењето, е исто така целосно постигнат, дури и особено надминат, односно од предвидени седум надзори, спроведени се 14

- предвидениот степен на реализација на внатрешни контроли е исполнет и надминат, спроведени се четири контроли, во најголем дел при истите не се констатирани недостатоци, само при една контрола предложени се соодветни конкретни мерки

[2] Во моментот на спроведување на обуката, во О.Е. немало доволно работници кои би можеле да учествуваат на обука бидејќи истите морале да бидат на своите работни места, во насока на запазување на работниот ред и процес

- степенот на реализација на надзори во врска со носењето беџови, е исто така целосно постигнат, при што е констатирано дека дел од вработените немаат односно им се оштетени беџовите и во тек е постапка за нивна изработка/ замена во координација помеѓу ОГР – ОИТК – ОЗОЛО

Забелешка: Споредба со реализирани цели на индикатор во 2023

1. бројот на обуки е на исто ниво, со минимално намален број слушатели
2. бројот на надзори е значително зголемен со што се осигурува дека вработените постапуваат согласно законите и прописите
3. состојбата со беџовите е проблем кој постоел и во 2023 година, и истиот е од техничка природа

## ЦЕЛ 2: Јакнење на интегритетот во сообраќајната и граничната полиција со цел намалување на примање на поткуп

**РИЗИК**

1. Примање парични средства од граѓани
2. Барање и прифаќање на подароци, бесплатни услуги и други бенефиции

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ:**

1. Оддел за униформирана полиција (ОУП)
2. Оддел за гранични работи и миграции (ОГРМ)
3. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Центар за обука
2. Сектори за внатрешни работи (СВР)
3. домашни и странски експерти од област

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2024 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2024 ГОДИНА |
|---|---|
| 1.Две обуки на 40 вработени на тема:<br>„Јакнење на интегритетот на вработените во сообраќајна полиција и на гранични премини“ | **1. МВР и странски партнери (ЦИДС) – вкупно 5 обуки**<br>**1.1. 18.04.2024 г.,** МВР – Скопје, згр.6, обука на претставници од ОГРМ и РЦ за ГР на раководни позиции<br>**1.2. 28.05.2024 г.,** РЦ за ГР Исток – Делчево, обука на 17 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Исток<br>**1.3. 30.05.2024 г.,** РЦ за ГР Запад – Охрид, обука на 22 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Запад<br>**1.4. 04.06.2024 г.,** РЦ за ГР Север – Скопје, обука на 21 вработен во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>**1.5. 05.06.2024 г.,** РЦ за ГР Југ – Кавадарци, обука на 17 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Југ<br><br>**2. МВР – вкупно 2**<br>**2.1. 07.11.2024 г.,** ПС за БПС Штип, обука на 20 полициски службеници од ПС за БПС Штип<br>**2.2. 18.12.2024 г.,** СВР Струмица, обука на 21 полициски службеник од ПС и ПО за БПС при СВР Струмица<br><br>**3. СВР Охрид**<br>**3.1. 17.12.2024 г.,** обука на 19 полициски службеници од сообраќајна и општа надлежност при СВР Охрид |
| 2.1 Спроведени 12 контроли од страна на СВР<br>2.2 Спроведени 6 контроли од страна на БЈБ (ОУП, ОГРМ) | **СВР Скопје**<br>Спроведени 52 контроли во ОБПС – ЕБПС од страна на старешински кадар, не се најдени елементи за постапување и санкционирање |

| | |
|---|---|
| | **СВР Куманово**<br>90 контролни надзори<br><br>**СВР Тетово**<br>174 надзори од страна на ОП, ПС и ПО од сообраќај<br><br>**СВР Велес**<br>Редовни контроли согласно месечните планови за контролни служби како и вонредни контроли од страна на непосредни раководители врз УПС од БПС<br><br>**СВР Штип**<br>Спроведена 81 контрола врз УПС<br><br>**СВР Битола**<br>12 надзори во делот на работата на сообраќајната полиција<br><br>**СВР Струмица**<br>Редовни контроли по месечен план<br><br>**СВР Охрид**<br>- 7 надзори од раководители врз УПС во врска со боди камери<br>- 164 надзори и контроли од раководители на ОЕ во делот на ПС и ПО за БПС работата на ПС<br><br>**ОУП:**<br>- ССР извршил 70 контроли служби и 2 генерални надзори на БПС<br>- ССР извршил 85 контролни служби во МЕБСП<br>- СПРОН извршил 18 контролни служби во 70 ПС и ПО од ОН<br><br>**ОГРМ:**<br>- вкупно 33 контроли од страна на ЕГПГН |
| 3. Спроведени 2 внатрешни контроли во сите сообраќајни станици/одделенија и ПС за ГП и ГН | **1. 24.05.2024 година, ПС за ГП и ГН Богородица**<br><br>**2. 24.05.2024 година, ПС за ГП и ГН Дојран**<br><br>**3. 24.05.2024 година, ПС за ГП и ГН Меџитлија**<br><br>**4. 24.05.2024 година, ПС за БПС – Битола**<br><br>**5. 24.05.2024 година, ПО за БПС – Крушево**<br><br>**6. 24.05.2024 година, ПС за ГП Долно Блаце**<br>**Задолжителни мерки**<br>- началникот на РЦ за ГР Север да преземе соодветни мерки заради надминување на утврдените недостатоци односно да се |

| | |
|---|---|
| | води соодветно Евиденцијата за дневни настани (образец бр.55) и Дневната евиденција за поминати километри<br>- во иднина во целост да се постапува согласно одредбите од Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата и Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на МВР.<br><br>**7. 24.05.2024 година, ПС за ГП Табановце**<br>**Задолжителни мерки**<br>- началникот на РЦ за ГР Север да преземе соодветни мерки заради надминување на утврдените недостатоци односно да се води соодветно Евиденцијата за дневни настани (образец бр.55) и Дневната евиденција за поминати километри<br>- во иднина во целост да се постапува согласно одредбите од Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата и Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на МВР.<br><br>**8. 24.05.2024 година, ПС за БПС Куманово**<br>**Задолжителни мерки**<br>- началникот на СВР Куманово да преземе соодветни мерки заради надминување на утврдените недостатоци во делот на водењето на дневна евиденција за поминати километри и потполнувањето на налозите за користење на службените возила и во иднина во целост да се постапува согласно одредбите од Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на МВР.<br><br>**9. 28.05.2024 година, ПС за ГП и ГН Делчево**<br><br>**10. 28.05.2024 година, ПО за БПС Делчево**<br><br>**11. 30.05.2024 година, ПС за ГП и ГН Св. Наум**<br><br>**12. 30.05.2024 година, ПС за БПС Охрид**<br><br>**13. 02.06.2024 година, ПС за ГП и ГН Табановце**<br>**Задолжителни мерки**<br>- началникот на РЦ за ГР Север да преземе мерки заради надминување на утврдените недостатоци во делот на водењето на службените евиденции, односно истите да бидат во согласност со Правилникот за начинот на водење на евиденциите во полицијата.<br><br>**14. 02.06.2024 година, ПС за ГП Меѓународен Аеродром** |

| | |
|---|---|
| | **Задолжителни мерки**<br>- началникот на РЦ за ГР Север да преземе мерки заради надминување на утврдените недостатоци во делот на водењето на службените евиденции, односно истите да бидат во согласност со Правилникот за начинот на водење на евиденциите во полицијата.<br>- ОВККИПС поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против двајца работници.<br><br>**15. 02.06.2024 година, ПС за ГП Долно Блаце**<br>**Задолжителни мерки**<br>- началникот на РЦ за ГР Север да преземе мерки заради надминување на утврдените недостатоци во делот на водењето на службените евиденции, односно истите да бидат во согласност со Правилникот за начинот на водење на евиденциите во полицијата.<br>- ОВККИПС поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против еден работник.<br><br>**16. 02.06.2024 година, ПС за ГП Јажинце**<br>**Наод и мерки**<br>- Согласно член 20 ст. 1 т.7 од Правилникот на ОВККИПС укажување на вработените во иднина да внимаваат и посовесно да ги извршуваат своите работни задачи, особено да внимаваат при пополнување на евиденциите за одземени предмети, приведени и задржани лица, за лица лишени од слобода, истите да се пополнуваат согласно прописите од оваа област и редовно да ги ажурираат. |
| 4. Обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила | **ООЗР:**<br>Набавката е предвидена да се спроведе во 2025 година, согласно буџетските можности. |
| 5. Набавени 100 униформи | **ООЗР:**<br>Набавката е предвидена да се спроведе во 2025 година, согласно буџетските можности. |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2024 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат и надминат, предвидени се две обуки, а спроведени севкупно седум обуки:

- 5 (пет) обуки во заедничка организација на МВР и ЦИДС,
- како и 2 (две) обуки реализирани од страна на МВР,
- при што надмината е и квотата на слушатели (предвидени 80 полициски службеници, учествувале 118 ПС)
- 1 (една) обука од страна на СВР Охрид

- степенот на реализација на контроли и надзори од СВР, како и од страна на ОУП и ОГРМ е повеќекратно повисок од предвидениот, во рамки на кој најчесто не се утврдени пропусти од видот на коруптивно однесување кај ПС

- предвидениот степен на реализација на внатрешни контроли е исполнет и надминат, односно од предвидените две контроли спроведени се дури 16 внатрешни контроли:

- во поголемиот дел од контролите било утврдено дека полициските службеници при вршење на работите и задачите од својот делокруг постапуваат согласно правилата и прописите кои важат во МВР
- во значително помал дел биле утврдени пропусти за кои се предложени конкретни задолжителни мерки, а биле поднесени 3 (три) предлози за утврдување на дисциплинска одговорност

Забелешка: Споредба со реализирани цели на индикатор во 2023

1. Обуки – значително зголемен број на обуки и соодветно зголемен број на слушатели, како и дополнително организирана и спроведена обука од страна на СВР Охрид

2. Имајќи предвид дека во 2023 година биле спроведени 11 контроли, при кои најчесто биле утврдени задолжителни мерки, а воедно биле поднесени 13 предлози за утврдување на дисциплинска одговорност, во однос на спроведените внатрешни контроли (вкупно 16) во 2024 година се забележува значително подобрување во извршувањето на работните обврски како и во професионалното однесување на вработените во МВР.

## ЦЕЛ 3: Јакнење на интегритетот на полициските службеници со цел законска примена на полициските овластувања

**РИЗИК**
Вршење на кривични дела и поткопување на довербата во полицијата

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
2. сите организациски единици каде се применуваат полициски овластувања

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Центар за обука
2. Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси
3. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси
4. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2024 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2024 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Две обуки на 20 вработени на тема: „Јакнење на интегритетот на вработените во полицијата при примена на полициски овластувања (злоупотреба и пречекорување на полициски овластувања)“ | **1. ОВККИПС: 118 полициски службеници**<br>**1.1. 28.05.2024 г.,** РЦ за ГР Исток – Делчево, обука на 17 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Исток<br>**1.2. 30.05.2024 г.,** РЦ за ГР Запад – Охрид, обука на 22 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Запад<br>**1.3. 04.06.2024 г.,** РЦ за ГР Север – Скопје, обука на 21 вработен во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>**1.4. 05.06.2024 г.,** РЦ за ГР Југ – Кавадарци, обука на 17 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Југ<br>**1.5. 07.11.2024 г.,** ПС за БПС Штип, обука на 20 полициски службеници од ПС за БПС Штип<br>**1.6. 18.12.2024 г.,** СВР Струмица, обука на 21 полициски службеник од ПС и ПО за БПС при СВР Струмица<br><br>**2. СВР Охрид:**<br>**17.12.2024 г.,** обука на 19 полициски службеници од сообраќајна и општа надлежност при СВР Охрид<br><br>**3. РЦ за ГР Запад: 6 обуки вкупно 68 полициски службеници**<br>**3.1. 15.05.2024 г.**, ПС за ГП и ГН Св. Наум, 17 полициски службеници<br>**3.2. 26.11.2024 г.**, ПС за ГП Аеродром Св. Апостол Павле – Охрид, 11 полициски службеници<br>**3.3. 26.11.2024 г.**, ПС за ГН Франгово и ПС за ГН Лабуништа, 8 полициски службеници<br>**3.4. 27.11.2024 г.**, ПС за ГП и ГН Стење, 10 полициски службеници<br>**3.5. 28.11.2024 г.**, ПС за ГП Ќафасан, 13 полициски службеници<br>**3.6. 13.12.2024 г.**, ПС за ГН Охридско Езеро, 9 полициски службеници |

| | |
|---|---|
| 2. Обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила | ООЗР:<br>Набавката е предвидена да се спроведе во 2025 година, согласно буџетските можности. |
| 3. Спроведени 12 надзори од страна на раководители | **СВР Скопје**<br>Редовни контроли согласно месечни планови<br><br>**СВР Куманово**<br>10 контроли од страна на раководител на ПС за БПС<br>Надзори од страна на ПС за БПС за примена на полициска овластувања<br><br>**СВР Тетово**<br>930 надзори од страна на ОП, ПС и ПО од општа надлежност<br><br>**СВР Велес**<br>При секоја употреба на средства за присилба се прави оценување на оправданост и не се констатирани случаи на прекумерна употреба на физичка сила од страна ПС<br><br>**СВР Штип**<br>Спроведена 81 контрола врз УПС<br><br>**СВР Битола**<br>Редовни контроли по месечен план<br><br>**СВР Струмица**<br>- 84 надзори од страна на непосредни старешини вв употреба на средства за присилба<br>- која употреба е оправдана<br><br>**СВР Охрид**<br>- 114 надзори од страна на СВР вв употреба на средства за присилба<br>- 497 контроли и надзори од страна на раководители на ОЕ<br><br>**ОУП:**<br>- ССР извршил 70 контроли служби и 2 генерални надзори на БПС<br>- ССР извршил 85 контролни служби во МЕБСП<br>- СПРОН извршил 18 контролни служби во 70 ПС и ПО од ОН<br><br>**ОГРМ:**<br>- вкупно 33 контроли од страна на ЕГПГН<br><br>**РЦ за ГР:**<br>Се вршат редовни контроли согласно месечните планови |
| 4. Донесени правни акти согласно иницираните | ОПРУЧР:<br>Во текот на 2024 година не биле иницирани измени на подзаконски акти за задржани, приведени и лица лишени од слобода |

| | |
|---|---|
| 5. Спроведени 6 внатрешни контроли во СВР/ПС | **1. 16.04.2024 година, ПС – ОН Гостивар**<br>**Задолжителни мерки**<br>- водењето на евиденциите да биде во согласност со Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата,<br>- да се изврши набавка на службени обрасци кои се во согласност со Правилникот за начинот на вршење на полициските работи<br>- во однос на лишените и задржани лица, доследно да се применуваат одредбите од Стандардната оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење и ЗКП<br><br>**2. 16.04.2024 година, ПС – ОН Тетово**<br>**Задолжителни мерки**<br>- водењето на евиденциите да биде во согласност со Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата,<br>- да се изврши набавка на службени обрасци кои се во согласност со Правилникот за начинот на вршење на полициските работи<br>- во однос на лишените и задржани лица, доследно да се применуваат одредбите од Стандардната оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење и ЗКП<br><br>**3. 28.05.2024 година ПС – ОН Делчево**<br><br>**4. 30.05.2024 година ПС – ОН Охрид**<br><br>**5. 31.05.2024 година, ПС – ОН Аеродром**<br>**Задолжителни мерки:**<br>- водењето на службените евиденции да биде во согласност со Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата и во целост да се постапува согласно одредбите од Законот за полиција<br>- во однос на приведените, лишените од слобода и задржани лица доследно да се применуваат одредбите од Стандардната оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење, Законот за Полиција и ЗКП<br><br>**6. 31.05.2024 година, ПС – ОН Карпош**<br>**Задолжителни мерки:**<br>- водењето на службените Евиденции да биде во согласност со Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата и во целост да се постапува согласно одредбите од Законот за полиција<br>- во однос на приведените, лишените од слобода и задржани лица доследно да се применуваат одредбите од Стандардната оперативна |

| | |
|---|---|
| | процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење, Законот за Полиција и ЗКП<br><br>**7. 02.06.2024 година, ПС – ОН Тетово**<br>**Задолжителни мерки**<br>Укажување на вработените во ПС – ОН во иднина да внимаваат и посовесно да ги извршуваат своите работни задачи, особено да внимаваат при пополнување на евиденциите за одземени предмети, приведени и задржани лица, за лица лишени од слобода, истите да се пополнуваат согласно прописите од оваа област и редовно да ги ажурираат<br><br>**8. 29.06.2024 година, ПС – ОН Штип**<br>**Задолжителни мерки**<br>- оперативните евиденции да се водат согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата, да ги ажурираат сите податоци во евиденциите<br><br>**9. 29.06.2024 година, ПС – ОН Струмица**<br>**Задолжителни мерки**<br>- оперативните евиденции да се водат согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата, да ги ажурираат сите податоци во евиденциите<br><br>**10. 30.06.2024 година, ПС – ОН Прилеп**<br>**Задолжителни мерки**<br>- водењето на службените евиденции да биде во согласност со Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата.<br><br>**11. 30.06.2024 година, ПС – ОН Велес**<br>**Задолжителни мерки**<br>- водењето на службените евиденции да биде во согласност со Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата. |
| 6. Целосно ажуриран веб[3] портал со закони и подзаконски акти | **ООЈСП:**<br>Сите законски и подзаконски акти се наоѓаат на веб сајтот на МВР на: https://mvr.gov.mk/zakoni |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2024 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

[3] Неопходно е веб страницата за потребите на вработените во МВР – ИНТРАНЕТ – да се ажурира редовно

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат и надминат,

- предвидени се две обуки а спроведени се вкупно шест обуки од страна на ОВККИПС,
- надмината е и квотата на слушатели (предвидени 40 полициски службеници, учествувале 118 ПС)
- организирани и спроведени дополнителни обуки СВР Охрид (1) и РЦ за ГР Запад (6)

- степенот на реализација на контроли и надзори од раководители е повисок од предвидениот, истите се реазлизираат редовно соодветно на месечните планови

- предвидениот степен на реализација на внатрешни контроли е исполнет и надминат, односно од предвидени шест спроведени се 11 внатрешни контроли, во рамки на кои не се констатирани пропусти во примената на полициските овластувања, меѓутоа, утврдени се одредени административни пропусти и за истото предложени се соодветни мерки

<u>Забелешка: Споредба со реализирани цели на индикатор во 2023</u>

1. Тројно зголемен број на обуки и воедно зголемен број на слушатели (102 во 2023 г.)
2. Дополнително организирани и спроведени обуки од СВР Охрид и РЦ за ГР Запад
3. Речиси двојно зголемен број на внатрешни контроли

## ЦЕЛ 4: Јакнење на интегритетот во спроведување на јавните набавки

**РИЗИК**

1. Судир на интереси со економските оператори
2. Субјективен пристап во изготвување на документацијата за јавни набавки со цел дискриминирање на одредени економски оператори и субјективна евалуација на понуди
3. Откривање на доверливи информации на економските оператори

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Оддел за општи и заеднички работи (ООЗР);
2. Одделение за внатрешна ревизија
3. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Центар за обука
2. Оддел за финансиски прашања
3. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси
4. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2024 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2024 ГОДИНА |
|---|---|
| 1.Една обука на 20 вработени на тема: „Јакнење на интегритетот на вработените во ООЗР при спроведување на јавните набавки и спречување на судир на интереси“ | **20.12.2024 г.,** МВР, зграда бр. 6 (гранична полиција), обука на 19 овластени службени лица од ООЗР |
| 2. Изработена анализа на пазарот за производи и услуги за конкретен случај | **ООЗР:**<br>Реализирано во 2023 г. |
| 3. Извршена 1 внатрешна ревизија | **ОВР:**<br>Одделението ги спроведува сите активности опфатени со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2024 година |
| 4. Спроведени 2 внатрешни контроли во ООЗР | **11.12.2024 г.,** Одделение за јавни набавки и примена на стандарди<br>**Наод**<br>Од страна на ОВККИПС е констатирано дека работниот процес во Одделението за јавни набавки во ОЈНПС се одвива согласно законските прописи. |
| 5. Поставен видео надзор во архивата на оформени предмети по јавни набавки во ООЗР и поставени безбедносни врати во просториите | **ООЗР:**<br>Реализирано во 2023 г. |

| | |
|---|---|
| каде се спроведува постапката за јавни набавки | |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2024 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат, предвидена е една обука со 20 слушатели, и спроведена беше една обука со 19 слушатели[4]

- спроведена е една темелна внатрешна контрола со увид во повеќе предмети, во целокупното работење на Одделението за јавни набавки во текот на една година, со што не беше утврдена потреба од спроведување дополнителна контрола

[4] Треба да се напомене дека оваа ОЕ се соочува со недостаток на човечки ресурси

## ЦЕЛ 5: Намалување на ризиците во системот на управување со човечките ресурси

**РИЗИК**

1. Недоволна транспарентност при вработување на нови кадри преку јавен оглас во МВР
2. Дискриминација при вработувањето по разни основи
3. Фаворизирање на поединци во процесот на унапредување

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси (ОПРУЧР)
2. Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси (ОЗРУЧР)
3. Комисии за распоредување и унапредување

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Оддел за односи со јавност и стратешки прашања (ООЈСП)

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2024 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2024 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Редовно објавување на јавни огласи за вработување во МВР – зголемена транспарентност при вработување во МВР | **ОПРУЧР:**<br>Во 2024 г. МВР распиша 3 јавни огласи<br>1. 25.11.2024 г., Јавен оглас за прием на 39 извршители за работа во МВР на неопределено време согласно ЗРО<br>2. 02.12.2024 г., Јавен оглас за прием на 101 извршител за работа во МВР на неопределено време : 48 извршители – приправници со или без работно искуство (високо образование) и 53 извршители – приправници со или без работно искуство (средно образование)<br>3. 16.12.2024 г., Јавен оглас за засновање работен однос на 600 извршители на работно место „полицаец“ за работа во МВР |
| 2. Намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на јавен оглас, а не биле избрани | **ОПРУЧР:**<br>- во 2024 година нема поднесени приговори од страна на пријавени кандидати кои не биле избрани на јавен оглас (огласите не се завршени)<br>**ОЗРУЧР:**<br>2022 – 17 приговори<br>2023 – 36 приговори |
| 3. Намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на интерен оглас за унапредување, а не биле избрани | **ОПРУЧР:**<br>- 2024 година поднесени се 2 (два) приговори од страна на пријавени кандидати кои не биле избрани на интерен оглас<br>**ОЗРУЧР:**<br>- 2023 – 7 приговори<br>- 2024 – 24 приговори |

## ЦЕЛ 6: Јакнење на индивидуалниот и институционалниот интегритет заради одржување на угледот на институцијата

### РИЗИК

1. Незаконито и непрофесионално однесување на вработените во МВР со кое се нарушува угледот на МВР и низок степен на поседување на личен интегритет, а со тоа и намален институционален интегритет
2. Неприменливост на Законот за заштита на укажувачите

### ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

1. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

### ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

1. Центар за обука
2. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2024 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Одржани 2 обуки на 20 работници од МВР на тема: „Системот за интегритет во МВР со посебен осврт на Етичкиот кодекс и Законот за заштита на укажувачи“ | 1. 25.09.2024 г., ОВР Прилеп, обука на 22 ОСЛ од ОУР Битола<br>2. 02.10.2024 г., СВР Штип, обука на 14 ОСЛ од ОУР<br>3. 18.04.2024 г., МВР – Скопје, згр.6, обука на претставници од ОГРМ и РЦ за ГР на раководни позиции<br>4. 28.05.2024 г., РЦ за ГР Исток – Делчево, обука на 17 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Исток<br>5. 30.05.2024 г., РЦ за ГР Запад – Охрид, обука на 22 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Запад<br>6. 04.06.2024 г., РЦ за ГР Север – Скопје, обука на 21 вработен во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>7. 05.06.2024 г., РЦ за ГР Југ – Кавадарци, обука на 17 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Југ<br>8. 07.11.2024 г., ПС за БПС Штип, обука на 20 полициски службеници од ПС за БПС Штип<br>9. 18.12.2024 г., СВР Струмица, обука на 21 од ПС и ПО за БПС при СВР Струмица<br>10. 20.12.2024 г., МВР, зграда бр. 6, обука на 19 ОСЛ од ООЗР |
| 2. Обезбедена посебна просторија, посебна телефонска линија и е-маил адреса за лицето овластено за прием на пријави од укажувачи | Обезбедена е посебна просторија, посебна телефонска линија и е-маил адреса за лицето овластено за прием на пријави од укажувачи |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2023 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат и надминат

- предвидени се две обуки а спроведени се вкупно 10 обуки,
- надмината е и квотата на слушатели (предвидени 40 вработени лица во МВР, учествувале 173 вработени во МВР)

Забелешка: Споредба со реализирани цели на индикатор во 2023

1. Надминат број на обуки и слушатели – во 2023 г. имало 8 обуки и 164 слушатели
2. Нема активности во поглед на искористување на можноста за заштитено пријавување

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Врз основа на квантитативната и квалитативната анализа на постигнувањата, околностите, ризиците и претходните искуства, ОВККИПС изврши проценка на успешноста на спроведените мерки и активности со цел подобрување на институционалните политики во однос на спречување на корупцијата и зголемување на интегритетот и заклучи дека предвидените мерки и активности за 2024 година во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 беа коректно поставени, реално спроведливи и резултатите се мерливи и следливи.

- На подолг рок, ваквите резултати, споредени со резултатите од спроведените мерки и активности за претходната 2024 година дадоа увид во напредокот и се очекува нивното спроведување во 2025 година да даде уште појасна слика за степенот на подигање на нивото на интегритет кај работниците во МВР и намалувањето на стапката на корупција во редовите на Министерството.

- По извршена анализа на резултатите во однос на исполнувањето на целите, преземените мерки, вложените ресурси, ефективноста и влијанието, ОВККИПС утврди дека е потребно да продолжат да се спроведуваат истите мерки и активности и во наредната 2025 година.

- Во цел 5 која се однесува на ризици од корупција во управувањето со човечки ресурси да се предвидат обуки за интегритет за вработените во ОПРУЧР и ОЗРУЧР како и за членовите на комисиите за вработување и распоредување и контрола на работењето на комисиите по завршен оглас (јавен и интерен).

- Со оглед на тоа дека при обуките е утврдена состојба на недоволна запознаеност со содржината на Етичкиот кодекс, се предлага печатење џебни изданија на истиот и споделување при спроведување на обуки.

- Во 2025 година да се предвиди одржување „Обука на полициските службеници за почитување на законски и подзаконски прописи за примена на полициските овластувања“ во Центарот за обука како една од мерките за намалување на ризикот од прекумерна употреба на физичка сила при примена на полициските овластувања.

- Активно вклучување на Одделението за ревизија во спроведување на предвидените мерки и активности од Акциониот план каде е предвидено вршење внатрешна ревизија врз процесите на спроведување на јавните набавки во МВР од страна на ООЗР.

- ИНТРАНЕТ – редовно ажурирање на базата на законски и подзаконски акти која е достапна на интранет, особено со редовно прикачување на

- ИНТРАНЕТ – редовно ажурирање на базата на законски и подзаконски акти која е достапна на интранет, особено со редовно прикачување на пречистени текстови од прописите и овозможување на можноста за поедноставна пристапност и пребарување во базата на прописи.

- Во новиот план 2026 – 2028 година поимот „полициски интегритет" да се замени со „професионален интегритет".

- По претходно спроведена анализа, да се изготви нов Акциски план за спроведување на Планот за професионален интегритет на МВР 2026 – 2028 година, во кој ќе се потврдат постоечките или ќе се утврдат и други ризични области во постапувањето на работниците од МВР кои се најмногу изложени на ризици од коруптивно или друго незаконито постапување, со соодветно вклучување и на други релевантни организациски единици кои ќе бидат надлежни за спроведување на мерките и активностите од Акцискиот план кои ќе се предвидат со цел намалување или сузбивање на поставените ризици.

Бр. 14.22-10/38
03.03.2025 Скопје

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**м-р Ивица Станковски**